Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип........20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ....100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .... 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје .... 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје .... 118

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ / АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО - НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ФУНДАМЕНТАЛНИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, на својата 20. седница одржана на 16.12.2009 година, донесе Одлука бр. 2502-118/103 за распишување на Конкурс за избор на ***помлад асистент/асистент*** за наставно-научното подрачје ***фундаментални медицински науки*** на Факултетот за медицински науки. На 17.2.2010 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-35/11 и решенија бр. 2502-35/18 (претседател), бр. 2502-35/19 (член) и бр. 2502-35/20 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
2. д-р Никола Камчев, вонреден професор, вработен на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
3. д-р Зора Узуноска, доцент, вработена во Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 4.2.2010 година.

Врз основа на пријавата и доставената документација и по нивното разгледување, Рецензентската комисија го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот, објавен на 4.2.2010 година, за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки се пријавија 6 кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Марина Данилова** е родена на 13 септември 1980 година во Штип. Основно и средно медицинско образование завршува во Штип. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2006 година, со просек 9,1. Се запишува на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје, во учебната 2006/2007 година. Во тек на студиите, во 2001 и 2002 година по пет месеци престојува и работи во Америка преку програмата “Interexchange” - програма за студенти од целиот свет за работа преку лето во Америка, со цел да се запознаат на нивната култура и да го усовршат нивниот јазик. Во текот на март и април 2007 година работи на проектот Медицинска мапа, при Министерството за здравство на Р. Македонија, финансиран од Светска банка, како теренски истражувач и работа на средување и анализирање на податоци. Од јули 2007 година работи како помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Автор и коавтор е на неколку скрипти за интерна употреба за студентите на Факултетот за медицински науки.

Кандидатката завршува седми степен по англиски јазик во Центарот за странски јазици „Challenge“ во Скопје и курс за административно работење (Microsoft Windows, Microsoft Word, Microsoft Excel, Microsoft Power Point и Internet) во комјутерскиот центар „Клик“ во Скопје.

Член е на Македонско здружение за дебелина и Општинската организација на Црвениот крст во Штип, каде активно учествува во разни активности за превенција на здравјето.

***Наставна дејност***

Од 2007 година работи како помлад асистент на наставно-научното подрачје *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Ангажирана е на следниве предмети: Биостатистика со информатика (2+2, задолжителен предмет за сите насоки на ВЗШ), Епидемиологија и јавно здравство (4+2, задолжителен предмет за стручна мед. сестра/техничар и стручен лаборант), Заштита при работа во лабораторија (2+1, задолжителен предмет за стручен лаборант), Социјална медицина (2+0, изборен предмет за сите насоки на ВЗШ), Методологија во научноистражувачка работа во здравство (2+0, изборен предмет за сите насоки на ВЗШ), Медицинска статистика со информатика (2+1, задолжителен предмет за општа медицина), Вовед во медицината (2+0, изборен предмет за општа медицина), Основи на јавно здравство (2+0, изборен предмет за општа медицина), Организација на здравствената служба (2+0, изборен предмет за општа медицина).

***Авторски скрипти***

*Биостатистика со информатика*, Марина Данилова, интерен практикум за студентите на Факултетот за медицински науки, 2008.

***Коавторски скрипти***

- *Организација на здравствената служба*, Никола Камчев, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2009.
- *Основи на јавно здравство*, Ѓорѓи Шуманов, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2009.
- *Вовед во медицината*, Ѓорѓи Шуманов, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2008.
- Социјална медицина, Ѓорѓи Шуманов, Марина Данилова, интерна скрипта за студентите на Факултетот за медицински науки, 2008.
- *Современи дијагностички методи во медицината*, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, Евица Бојаџиева, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2008.
- Геријатрија, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2008.
- *Имунологија*, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2008.
- *Заштита при работа во лабораторија*, Никола Камчев, Марина Данилова, Мелса Стефанова, интерна скрипта за студентите на Високата здравствена школа, 2007.

***Учество на обуки и семинари***

1. Стручно усовршување во Нирнберг, Германија, 13.01-27.01.2010, во Клиниката и превентивниот здравствен дом во Нирнберг, реализирано преку DAAD-проектот.
2. Работилница за лекарскиот волонтерски кадар на Црвен крст за пандемиска инфлуенца, 06.12.2009 г.
3. Интернационална летна школа “Visions, projects and what is going on in Mental Health in South East Europe”, 21-27 август 2009, спонзорирано од Германија, две усни презентации на темите:

– Communication with children from different ages, Gordana Panova, Marina Danilova;
– Specifics in communication with children, Gordana Panova, Marina Danilova.

4. Обука „Учење со технологија“, реализирана во соработка со Фулбрајт програмата.
5. IX семинар за квалитет, контрола, информатика и заштита во медицинска лабораториска дијагностика, во организација на Македонско лабораториско здружение, 18-21 јуни 2009, Охрид.
6. Postgraduate training course with lectures and seminars by Prof. dr. Doris Bardehle, University of Bielefeld, Epidemiology and International Public Health, Germany.
7. Certificate, 22-28.03.2007, Skopje, (International Health Databases, Health reporting systems in Europe, Criteria for good Health Reports, Health Indicator Sets, indicator comparability, Minimum Health Indicator Sets for SEE Countries and ICD-10 Clasification and Definitions).

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Сашо Иванов** е роден на 9 март 1983 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, а на високо образование на Медицински универзитет „Св. Георги“ – Пловдив, Р. Бугарија, се запишува во учебната 2001/2002 година и завршува во академската 2008 година, со среден успех 7,46. Од 2009 година е запишан на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

***Работно искуство***

Кандидатот има една година волонтерски стаж при Одделението за урологија – Клиничка болница во Штип:

– асистирање при интервенции во операциона сала и амбуланта;
– помош при пракса на средно-медицински персонал;
– следење на резултати и постоперативна нега;
– менаџирање на DRG – системот;
– други административни обврски.

2005 EUROMONITOR.ORG: истражување на пазарот за различни странски компании коишто сакаат свое претставништво во Бугарија 2004, Трговска лига, Пловдив.

Поддршка на клиенти во аптека.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Билјана Никушева** е родена на 1 септември 1978. Дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2007 година. Веднаш по дипломирањето стажира во ЈЗУ „Општа болница“ - Велес и истовремено работи волонтерски во ПЗУ „Поликлиника Виталино“. Од 2007 година работи во ССОУ „Димитрија Чуповски“ во Велес, како наставник по стручни медицински предмети. Во 2008 и 2009 година е наставник-ментор на ученици кои учествуваат на натпревари за народна техника на државно ниво, од областа биохемија. Три години е ментор на ученици од завршните години за проектна задача во склоп на државна матура и завршен испит. Активно учествува во спроведување на интерните испити во државната матура и завршниот испит.

Го познава англискиот јазик и има познавање во работа со компјутер.

***Обуки и семинари***

1. Центар за стручно образование и обука (изготвување на објективни тестови на знаење).
2. Унапредување на наставата и методи во оценувањето (УСАИД).

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Тања Ташкова** е родена на 27 октомври 1983 година во Штип. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип, а дипломира на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, во 2009 година. Во 2009 година го положува стручниот испит. Волонтира во болницата во Штип, на Одделот за патологија, под менторство на д-р Ристо Газепов.

Кандидатката завршува курсеви за англиски јазик и работење со компјутери. Има познавање од шпански и германски јазик.

***Обуки***

1. Обука во Регионален институт за патологија и онкологија во Челиабинск, Русија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Дијана Коцева-Миланова** е родена на 17 јануари 1978 година во Штип. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип. Во 2005 година дипломира на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Од 2007 година е запишана на постдипломски студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје. Од 2006 до 2008 година работи како наставник по предметот Хирургија со гинекологија и акушерство со нега во СОУ „Јане Сандански“ во Штип. Од 2008 до 2010 работи во Службата за итна медицинска помош со домашно лекување при ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Панче Караѓозов“ во Штип.

Кандидатката завршува курс по англиски јазик и работење со компјутери (Microsoft Office).

***Обуки***

1. Обука за изработка на едукативни материјали со помош на ИКТ-во организација на Биро за развој на образованието.
2. Примена на информатичката технологија во образованието, во организација на УСАИД.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Татјана Давитковска** е родена на 31 октомври 1979 година во Штип. Во 2004 година дипломира на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, со просек 8,5. Во текот на 2004 и 2005 година волонтира во Градската општа болница во Скопје. Од 2005 до 2009 година работи како доктор по општа медицина во приватна здравствена установа.

Кандидатката има познавање од англиски јазик и работење со компјутери.

***Семинари, курсеви и работилници***

1. 2009 - IVth Macedonian Psychiatric Congress and International Meeting, Ohrid.
2. 2009 - “Sonographyc evaluation of the acute abdomen”-Society of Diagnostic Medical Sonography.
3. 2009 - “Basic abdominal sonography and protocol”- Society of Diagnostic Medical Sonography.
4. 2009 - „Инхибитори на протонска пумпа во превенција и третман на горно-дигестивни заболувања“, Скопје.
5. 2009 - „Алгоритам за дијагностика и терапија на алергиски конјуктивит и синдром на урбана очна алергија“, Скопје.
6. 2008 - „Практикување на медицина базирана на докази кај пациенти со хипертензија и повеќе коморбидни состојби“, Скопје.
7. 2008 - „Порана употреба на инсулин според медицина базирана на докази“, Скопје.
8. 2008 - „Неалкохолна стеатоза, неалкохолен стеатохепатитис и цироза на црниот дроб, Битола.
9. 2008 - „Значењето на фолна киселина, витамин Б12 и железото при профилактика на анемија“, Битола.
10. 2008 - „Современа можност за оценка и корекција на атерогениот липиден ризик“, Битола.
11. 2007 - Seminar in family medicina-Duke University Medical Centar & Health System, Salzburg.
12. 2007 - „Хепатитис Б и хепатитис Ц“, Скопје.
13. 2007 - „Астмата-недоволно дијагностицирана и контролирана болест“, Скопје.

14. 2006 - Работилница за остеопороза и кардиоваскуларна работилница, Скопје.
15. 2005 - „Хронична бубрежна болест и анемија“, Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, како и врз основа на стручната ангажираност, Комисијата заклучи дека кандидатката д-р Марина Данилова ги исполнува сите законски критериуми за избор во помлад асистент по наставно-научното подрачје *фундаментални медицински науки* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, кандидатката **д-р Марина Данилова** да се избере во звање помлад **асистент** за наставно-научното подрачје ***фундаментални медицински науки*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**
**Доц. д-р Зора Узуноска, член, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Марина Данилова**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Наставно-образовна** | | | |
| 1. Интерна скрипта за вежби | 1 | 2 | 2 |
| 2. Интерна скрипта од предавања | 8 | 4 | 32 |
| 3. Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | 1 | 2 | 2 |
| 4. Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга | | | |
| 5. Вежби | 70 | 0.2 | 14 |
| **Научноистражувачка** | | | |
| 1. Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир во Македонија | | | |
| 3. Учество на научен собир со реферат-усно предавање во Македонија | 2 | 1,5 | 3 |
| 4. Учество на научен собир со реферат-усно предавање во странство | | | |
| 5. Учество на научен собир со реферат-постер во Македонија | | | |
| 6. Одбранета докторска теза | | | |
| 7. Одбранета магистерска теза | | | |
| 8. Учесник во научен проект (максимум три проекти) | 1 | 5 | 5 |
| 9. Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| 1. Книга во странство | | | |
| 2. Поглавје од книга во странство | | | |
| 3. Член на факултетски орган | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **68** |